**ЗАПИСНИК**
**од 5–та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 19.02.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, м-р Ивона Муфишева, м-р Магдалена Довлева Давидовска, Маја Дамевска, м-р Арбен Саити, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:35 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.02.2021 година.
2. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола.
3. Предлози за покренување на постапки за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување на радиодифузери.
4. Предлог-одлука за одбивање на писмено барање од заинтересирана страна за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на територијата на градот Скопје.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка: Закуп на простор за објавување огласи во дневни весници.
6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: Систем за автоматско управување со документи.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Превентивно и адаптивно одржување на интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење.

8. Информација во однос на преземените активности од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од аспект на имплементација на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на РМ бр.07/19).
9. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 6 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-ѓа Машовиќ го усвои Записникот од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.02.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-решението за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола. Објасни дека на овој радиодифузер му е одземена дозволата и согласно ЗААВМУ, Советот во ваков случај треба да донесе решение за бришење од регистарот.

Г-дин Петрушевски рече дека ова претставува техничка работа што по автоматизам Советот ја извршува. Не знае зошто овој член во Законот е предвиден кога веќе на радиодифузерот претходно му е одземена дозволата. Посочи доколку во наредниот период следи некоја измена на ЗААВМУ, да се предложи до МИОА оваа обврска да се избрише.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Г-дин Петрушевски во врска со предлозите за покренување на постапки за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување на радиодифузери, објасни дека станува збор за 28 медиуми. За оваа точка имаше доста бурни активности и во текот на вчерашниот ден и денес. Потсети дека Агенцијата и Советот добија меил од МИОА и од Здружението на медиуми, и бидејќи г-дин Трајчевски е во тек со сите случувања го замоли да даде објаснување глобално за сите точки и раководителот Радуновиќ доколку има некоја специфика за одреден радиодифузер, но да биде една дискусија за сите и се разбира доколку некој член на Совет сака да постави прашање за некој радиодифузер посебно бидејќи се вкупно 28. Во врска со гласањето информира дека ќе биде засебно за секој медиум. Го замоли директорот да даде вовед за оваа многу значајна точка.

Г-дин Трајчевски објасни дека денешната точка е поврзана со активностите што ги имаше Агенцијата во ноември 2020 година, кога имаше намера да ги ослободи радиодифузерите од делот за плаќање на обврската за годишниот надоместок за дозволата. Но тогаш заради намалување на финансиските средства што ги добиваше

Агенцијата од Буџетот, АВМУ се откажа од таа активност. Со оглед на тоа што Агенцијата имаше добиено дописи од Здружението на локални и регионални медиуми како и директните контакти со националните комерцијални телевизии кои што се жалеа на тешката економска состојба и бараа надоместокот за 2021 година во целост да им биде простен, Агенцијата имаше контакти со Владата уште на 8 јануари 2021 година. Во таа насока Агенцијата понуди решение како да се надмине оваа криза, бидејќи ако им се одземат дозволите на најголемиот дел од радиодифузерите тоа е загуба за општеството и демократските услови, а не само физичко одземање на дозволите и бришење од регистарот. На барање на Владата Агенцијата на 11 јануари 2021 година ги достави потребните податоци, и на почетокот на оваа недела Владата усвои Информација односно го разгледувала 5-от сет на мерки со кој се предвидуваат 50 милиони денари да бидат префрлени на Агенцијата, а со тие средства Агенцијата да ги ослободи радиодифузерите за плаќањето на обврската кон Агенцијата за 2021 година. Но формално правно бидејќи Агенцијата има постоен Закон по кој е обврзана на денот кога им е издадена дозволата на радиодифузерите да им испрати фактури, на 11 јануари 2021 година им се испратени. Тоа се 93 радиодифузери. Најголемиот дел од радиодифузерите, од 93 само 37 не го платија надоместокот или до денешен ден има 69% наплата, односно од фактурирани 31 милион денари, 21 милион денари се наплатени. Исто така Агенцијата бидејќи ги издава фактурите со ДДВ, фактурираното ДДВ е уплатено во УЈП. Со оглед на тоа дека префрлувањето на 50-те милиони денари не зависи од Агенцијата туку Владата ќе треба да донесе дополнително одлука, Агенцијата формално-правно мора да ја води постапката бидејќи станува збор за финансиски однос помеѓу АВМУ и радиодифузерите и затоа денес се предлага да се отпочне постапка за одземање на дозволите. Се надева дека во следните 15 дена Владата ќе ја донесе соодветната одлука со која ќе бидат префрлени средства на Агенцијата, па потоа да се предложи до Советот овие постапки што ќе започнат денес истите да бидат стопирани, а исто така и во текот на наредната недела ќе има предлози за покренување постапки за останатите радиодифузери кои не го подмириле долгот. Информира дека денес имал состанок во Влада каде што објаснил дека од страна на Агенцијата нема да им потреба од законски измени. Од страна на Владата им било кажано дека и Владата нема потреба од законски измени за да ја реализираат оваа помош. При тоа рече дека ја објасниле ситуацијата каква е со фактурите на радиодифузерите. Од Владата ги замолиле тоа што било дискутирано да им го пратат во електронска форма за да може да биде срочено во одлука за која ветиле дека Владата ќе ја донесе во вторник следната недела и најдоцна за 2-3 дена ќе биде објавена во „Службен весник на РСМ". Најави дека доколку се испочитува овој договор би требало следниот петок да има Одлука на Влада со која ќе се обврзе да ги плати надоместоците во име на радиодифузерите за радио и телевизиско емитување, со тоа што таа сума ќе ја префрли на Агенцијата. Потоа Агенцијата на оние радиодифузери кои до тогашниот датум веќе уплатиле ќе им ги врати средствата во целост, исто така и на оние радиодифузери кои уплатиле делумно и таа сума ќе им биде вратена, додека оние радиодифузери кои не уплатиле воопшто и оние радиодифузери кои до крајот на годината Агенцијата треба да им издаде фактури ќе бидат ослободени од плаќање ако Влададата ја донесе одлуката и се префрлат средствата на Агенцијата. Така да сè што требаше да биде преземено од страна на Агенцијата е преземено на време. Уште на 11 јануари се испратени до Владата сите неопходни податоци во врска со 5-от сет на мерки кои се однесуваат на медиумите. Се надева дека во вторник Владата ќе донесе Одлука бидејќи до сега сè што е презентирано за медиумите не е никаков правен акт, туку само

информација односно идеи кои што потоа Валадата со законски измени или во овој случај со Одлука ќе треба правно да го регулира за да може тој 5-ти сет на мерки да биде реално функционален и спроведлив.

Г-дин Петрушевски информира дека вчера и денес дискутирал со директорот неколку пати на оваа тема. Онака како што разбрал е дека има две работи. Прво Агенцијата нема официјален документ потпишан од претседателот на Владата или од некој од министрите, официјален документ потпишан со кој Владата гарантира дека овие средства ќе ги уплатат. На Агенцијата и е потребен таков документ затоа што тогаш Советот на Агенцијата има правна можност да ја прекине постапката. Така Советот постапуваше во минатото, дека се чека од друго тело да заврши постапка. На тој начин Советот ќе постапи правно и смета дека едногласно ќе биде изгласано. Втора работа е ако тоа Владата го направи, но Агенцијата не ги добие парите на сметка, тогаш е можен проблем бидејќи за да може Агенцијата да ги ослободи радиодифузерите од годишниот надоместок треба Владата да ги префли средствата. Во интерес на медиумите и јавноста е ова да се поддржи и реализира. Во таа насока посочи дека на денешната седница Советот нема избор затоа што треба да ја започне оваа постапка. Има следни 15 дена, доволно време, а и директорот има ветување од еден од министрите од Влада дека одлуката во вторник ќе оди на седница и Агенцијата ќе добие документ и ќе може да продолжи понатаму, ако се префрлат и средствата ќе биде уште подобро и сите ќе бидат задоволни. Дел од овие медиуми што не платиле претпоставува дека ги немаат ни тие парите, а другите што подобро стојат поголем процент од нив веќе уплатиле и не чекаат на ветување. Го замоли директорот да го коригира доколку нешто не разбрал како што треба.

Г-дин Трајчевски објасни дека Агенцијата не очекува од Владата документ, туку очекува правен акт. Како документ добиен е меил, но тој не претставува правен акт врз основа на кој што може да одлучува Советот. Владата ветила дека во вторник на седница на Влада ќе биде донесена одлука со која врз основа на дискусијата од денешниот состанок Владата се обврзува да ги префрли тие 50 милиони денари. Би било многу несериозно да донесат таква одлука, а да не ги префрлат средствата, а Агенцијата ќе има обврска на радиодифузерите кои веќе уплатиле да им ги врати парите кои сега ги уплатиле од 21 милион денари во оној момент кога Владата ќе ги префрли парите, а ветено е дека тоа ќе биде составен дел од одлуката. Смета дека на никого не му е од интерес овој процес да се одолговлекува или да се оспорува да не се префрлаат средствата бидејќи како што кажал тоа е штетно за општеството доколку се доведат во ситуација да мора голем дел од медиумите да бидат затворени. Посочи дека ќе се почека до следниот петок, за кога се надева дека ќе има официјална одлука објавена во Службен весник, а претходно во вторник ќе треба Агенцијата да биде информирана од Владата дека таква одлука е донесена на седница на Влада.

Г-дин Петрушевски се заблагодари за корекцијата и рече дека ќе ја доврши неговата дискусија. Наведе дека предлозите за покренување постапки онака како што се доставени во материјалите ќе ги поддржи за сите 28 радиодифузери. Го гледал ЗААВМУ детално и рече дека не постои правна можност во овој момент да се сопре постапката. Советот е едноставно доведен во ситуација кога мора да го почитува Законот, да се покренат постапките и да им се даде законски дополнителен рок од 15 дена за да извршат уплата. Информира дека на денешната седница Советот не ги одзема дозволите, туку само се започнува постапка, има 15 дена и и даваат шанса на

Владата ова да го среди како што треба и при тоа е ветено од Владата и мисли дека така и ќе биде. Ако некој од радиодифузерите случајно реши да уплати нема да биде во загуба затоа што секако на крај ќе биде ослободен од плаќање на надоместокот и парите ќе му бидат вратени.

Г-дин Фетаи рече дека го поздравува 5-от сет на мерки на Владата и добро е што се одлучиле да им помогнат на медиумите со ослободување од една година на плаќање за надоместокот на дозвола. Како второ рече дека Владата ја презела идејата што ја имаше Агенцијата и ја реализираше во двете изминати години со што ги ослободи сите медиуми од плаќање на надоместокот. Но, рече дека сепак целта е постигната, на радијата и телевизиите да им се помогне во оваа целокупна криза. Трето рече дека го поддржува предлогот за покренување на постапките, бидејќи е и законска обврска за да не излезе дека Агенцијата и Советот не ги исполнуваат законските обврски. Како четврто рече дека беше истакнато дека од Владата се предвидуваат 50 милиони денари но не слушнал од директорот дали и се доволни овие средства на Агенцијата, дали е направена пресметка за целокупниот износ на надоместокот за сите радиодифузери и доколку тој износ од 50 милиони денари се надминува дали Агенцијата ќе даде од нејзиниот буџет за да се покрие тоа. Или доколку тие средства се вишок што ќе прави Агенцијата во таков случај дали ќе и ги врати на Владата или тоа се модалитети кои се подразбираат. Објасни дека оваа сфера е значајна за одржување на демократијата и информирање на граѓаните. Со оглед на тоа дека е предложено Советот да покрене постапки за одземање на дозволата за сите 28 радиодифузери како законска процедура, рече дека тука не е погрешено ништо и се согласува со претседателот Петрушевски дека поради законските обврски ако некој од радиодифузерите во меѓувреме уплати, тоа не значи дека средствата се изгубени и мисли дека нема да има проблеми околу враќањето, бидејќи имаат искуство со враќање на средствата за изминатите 2 години. Во врска со предлозите рече дека се во согласност со Законот. Добро е што се комуницира со Владата, но рече дека радиодифузерите знаат дека тоа е идеја на Агенцијата и Советот, ослободувањето од плаќање се поврзува со нив колку и да мисли некој друг поинаку.

Г-дин Трајчевски рече дека сумата што е утврдена од Владата е утврдена врз основа на податоците што Агенцијата им ги достави. Сумата е малку повисока со тоа што е 50 милиони денари, а Агенцијата дала податок дека за 2021 година се планираат 46,068,177.00 милиони денари. Отприлика има повеќе 4 милиони денари така што во целост ќе биде задоволено барањето на радиодифузерите, односно во целост да биде исплатена обврската од страна на Владата кон Агенцијата. Агенцијата ќе има обврска ако има вишок на средства, а ќе има, да ги врати на Владата заклучно со 27 декември бидејќи на крајот на декември се издаваат две фактури на ТВ Тера од Битола и ТВМ од Охрид. Посочи дека не само идејата, туку и парите што ги доделува Владата од 50 милиони денари се на Агенцијата, затоа што пред Нова година на Агенцијата и скратија 100 милиони денари за 2021 година, и 3 милиони за 2020 година, така што ова е отприлика помалку од 50% од она што и е скратено на Агенцијата. Но, посочи дека е многу важно што ќе им се помогне на медиумите да опстојат бидејќи на крајот не е важно кој ќе ги даде парите, со оглед на фактот дека во оваа ситуација солиден дел од радиодифузерите, една третина можеби би престанале со функционирање. Рече дека ќе даде една информација до членовите на Совет, сите големи радиодифузери, 5-те терестријални телевизии, ТВ 24 Вести, Ра Метрополис, РА Антена, го имаат уплатено надоместокот, се мисли на оние радиодифузери што им е издадена фактура на 5

јануари 2021 година. Од големите радиодифузери, само РА Канал 77 нема платено и Наша ТВ. Со нив 70% е извршена уплата, најзначајните радиодифузери во нашата држава извршија уплата по доставените фактури и се надева дека со реализација на донесување на одлуката на седница на Влада, Агенцијата ќе биде во можност да им ги врати средствата на радиодифузерите. И да дојде до ситуација Владата да не ја реализира мерката, за што не верува бидејќи јавно е неколку пати промовирано, Агенцијата веќе има 70% уплатени средства што значи дека од тој аспект нема да биде загрозено финансиското функционирање на Агенцијата.

Г-дин Фетаи рече тоа што го кажал директорот, тие се всушност средства што Агенцијата и Советот ги иницираа и ги предвидоа. Тој и тогаш рекол ако се сеќаваат дека Владата им ја презела идејата во таа смисла. Добро е и од аспект на прецизни финансиски бројки што се регулирани и средствата одат преку жиро сметка на Агенцијата. Можеби си направија една идеја дека оваа година е на локалните избори па малку да добијат поени, но рече дека не може и се пошегува дека Агенцијата е главна и штета што не учествуваат во локалните изборите на која можеби ќе освојат некоја општина со помош на поддршката што ја заслужуваат од радиодифузерите односно медиумите.

Г-дин Фиданоски рече дека во тој контекст ќе ја продолжи дискусијата и рече дека претпоставува кога ќе дојдат локалните избори г-дин Фетаи ќе ги следи од една „безбедна дистанца“. И за него апсолутно најважно е тоа што медиумите ќе успеат, односно ќе добијат помош која им е неопходна во едни вакви отежнати услови за економски опстанок, а предизвикани со пандемијата на Ковид-19 која што ќе трае и оваа година и не се знае до кога. Економските прогнози не се за пофалба и за кај нас и во светот. Надеж за економско опоравување има за оваа година, но не се знае во колкав обем тоа опоравување ќе се случи и затоа оваа помош е повеќе од добредојдена. За него воопшто не е битно од кого произлегуваат парите, најбитно е да стигнат до оние на кои што најмногу им треба. Во врска со она што го кажал г-дин Фетаи рече дека ќе се надоврзе, дека тој што прв ја почнал ваквата идеја негов е „патентот“, бидејќи Агенцијата уште минатата година ја започна оваа идеја а Владата се надоврза. На Агенцијата и Советот не им е важно дали тие пари ќе дојдат преку Владата до Агенцијата, во секој случај крајниот потписник на тоа условно речено ослободување од плаќање е од Агенцијата, тие пари, како што кажал г-дин Трајчевски, се дел од Буџетот што требаше веројатно да го има Агенцијата и што и беа скратени од Буџетот на државата без да коментира од кои причини. И покрај тоа што г-дин Трајчевски дал доста детално објаснување, рече дека ќе постави неколку кратки прашања во контекст на дообјаснување. Праша дали денес е крајниот рок за започнување на овие постапки за сите наведени радиодифузери. За второто прашање рече дека е малку хипотетички бидејќи се отвори во таа насока дискусијата, односно доколку има објавено одлука од Владата за давање на тие 50 милиони денари на Агенцијата а потоа Агенцијата да ги трансферира односно да ги ослободи медиумите, дали во петок ќе може Советот да ја прекине оваа постапка односно да ги замрзне роковите за оваа постапка?

Г-дин Трајчевски во врска со прашањето дали денес е краен рок, одговори дека оваа седница требаше да се одржи во понеделникот, но по добра волја на Агенцијата дадени се дополнително уште 4 дена и време на Владата. Согласно праксата во изминатите години требаше оваа постапка да биде на 13 и 14 февруари, во сабота и недела кога истекува рокот и при тоа дадени се дополнителни 5 дена и сега уште 15

дена, добиваат 20 дополнителни дена. На седницата на Влада одржана пред два дена, нема правен документ, туку само информација која содржи кои мерки се планираат во иднина да се донесат и реализираат. За најголемиот дел од тие мерки ќе бидат неопходни законски измени. Во делот на Агенцијата за реализација на овие 50 милиони денари, како што денеска му било кажано во Влада, а тоа беше и размислување на Агенцијата, нема потреба од било какви законски измени, со што се олеснува ситуацијата. Со оглед на тоа што денес Агенцијата нацрт-одлуката им ја прецизира и ја достави до Влада, тие ќе треба да ја вметнат само во матрицата и во најголем процент е убеден дека во вторник тоа ќе биде донесено на седница на Влада. Објасни дека нема никаква пречка Советот да заседава на 1 март во понеделник. Бидејќи постапките се започнуваат денес, евентуално одземање на дозволата би било на 5 март во петок кога и ќе изминат овие 15 дена што дополнително им се даваат на радиодифузерите. Но се надева дека следниот петок Агенцијата ќе има законски основ за сопирање на постапките, не само за овие радиодифузери туку и кон другите радиодифузери за кои следната недела треба да се започне постапката, односно во зависност од тоа кога ја добиле фактурата така им течат и роковите за плаќање.

Г-дин Фидански му се заблагодари на директорот за издржаното објаснување. Констатира дека Советот има можност до 5 март да ги прекине постапките под услов ако од Владата има конкретна одлука со која средствата од 50 милиони денари ќе бидат префрлени на сметка на Агенцијата. Постави уште едно прашање, дали овој износ го покрива и плаќањето на ДДВ за радиодифузерите за кои е веќе уплатено во УЈП?

Г-дин Трајчевски одговори дека овој износ тотално покрива сè, 46 милиони денари се и ДДВ и делот што е основица за фактурирање, дури има и вишок на средства, така што сумата од 50 милиони денари е повеќе од доволна и ќе ги покрие и основицата и ДДВ.

Г-дин Петрушевски по завршување на дискусијата рече дека ќе преминат на гласање. Објасни дека дел од радиодифузерите што немаат платено денес биле вознемирени. Рече дека би било добро некако неофицијално да се информираат дека овие покренувања на постапки не значат дека за 15 дена ќе им бидат одземени дозволите туку она што го кажал директорот дека процедурално ова вака мора да биде и се очекува Владата да си го исполни зборот и Советот наредната недела да има можност да ги прекине овие постапки.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ – Скопје, бр.08-8 од 05.01.2015 година поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ" бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-610/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0007 од 11.01.2021 година, РД НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, имал обврска да плати 2.228.454,00 (два милиони двесте дваесет и осум илјади четиристотини педесет и четири) денари за

годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 12.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот РД НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, не извршил уплата во износ од 2.228.454,00 (два милиони двесте дваесет и осум илјади четиристотини педесет и четири) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, бр.08-11 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ" бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-611/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0008 од 11.01.2021 година, ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, имал обврска да плати 802.782,00 (осумстотини и две илјади и седумстотини осумдесет и два) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 13.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, не извршил уплата во износ од 802.782,00 (осумстотини и две илјади и седумстотини осумдесет и два) денарии две илјади и седумстотини осумдесет и два) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, бр.08-15 од 05.01.2015 година поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ" бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-612/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0010 од 11.01.2021 година, ТРД ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, имал обврска да плати 802.782,00 (осумстотини и две илјади и седумстотини осумдесет и два) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 12.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, не извршил уплата во износ од 802.782,00 (осумстотини и две илјади и седумстотини осумдесет и два) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје, бр.08-16 од 05.01.2015 година поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни

медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ“ бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-613/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0011 од 11.01.2021 година, ТРД ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје, имал обврска да плати 802.782,00 (осумстотини и две илјади и седумстотини осумдесет и два) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 12.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје, не извршил уплата во износ од 802.782,00 (осумстотини и две илјади и седумстотини осумдесет и два) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.08-18 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ“ бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-614/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0012 од 11.01.2021 година, ТДРДД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, имал обврска да плати 802.782,00 (осумстотини и две илјади и седумстотини осумдесет и два) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 16.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТДРДД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, не извршил уплата во износ од 802.782,00 (осумстотини и две илјади и седумстотини осумдесет и два) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци, бр.08-19 од 05.01.2015 година поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ“ бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-615/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот

надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0013 од 11.01.2021 година, ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци, имал обврска да плати 222.023,00 (двесте дваесет и две илјади и дваесет и три) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 18.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци, не извршил уплата во износ од 222.023,00 (двесте дваесет и две илјади и дваесет и три) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово, бр.08-41 од 05.01.2015 година поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ" бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-617/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0015 од 11.01.2021 година, ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово, имал обврска да плати 198.507,00 (сто деведесет и осум илјади и петстотини и седум) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 12.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово, не извршил уплата во износ од 198.507,00 (сто деведесет и осум илјади и петстотини и седум) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово, бр.08-35 од 05.01.2015 година поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ" бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-616/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0014 од 11.01.2021 година, ТРД ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово, имал обврска да плати 415.293,00 (четиристотини и петнаесет илјади и двесте и деведесет и три) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 12.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово, не извршил уплата во износ од 415.293,00 (четиристотини и петнаесет илјади и двесте и деведесет и три) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија, бр.08-43 од 05.01.2015 година поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ“ бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-618/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0016 од 11.01.2021 година, ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија, имал обврска да плати 74.610,00 (седумдесет и четири илјади и шестотини и десет) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 12.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија, не извршил уплата во износ од 74.610,00 (седумдесет и четири илјади и шестотини и десет) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ – ЛД ДООЕЛ Кочани, бр.08-44 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ“ бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-619/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0017 од 11.01.2021 година, ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ – ЛД ДООЕЛ Кочани, имал обврска да плати 104.461,00 (сто и четири илјади и четиристотини шеесет и еден) денар за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 13.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ – ЛД ДООЕЛ Кочани, не извршил уплата во износ од 104.461,00 (сто и четири илјади и четиристотини шеесет и еден) денар.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип, бр.08-46 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ“ бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-620/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0019 од 11.01.2021 година, ТРД ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип, имал обврска да плати 46.674,00 (четириесет и шест илјади и шестотини седумдесет и четири) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 13.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип, не извршил уплата во износ од 46.674,00 (четириесет и шест илјади и шестотини седумдесет и четири) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија КАНАЛ-21 ДООЕЛ Велес, бр.08-49 од 05.01.2015 година поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ" бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-621/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0020 од 11.01.2021 година, ТРД Телевизија КАНАЛ-21 ДООЕЛ Велес, имал обврска да плати 101.386,00 (сто и една илјада и триста осумдесет и шест) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 12.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД Телевизија КАНАЛ-21 ДООЕЛ Велес, не извршил уплата во износ од 101.386,00 (сто и една илјада и триста осумдесет и шест) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, бр.08-50 од 05.01.2015 година поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ" бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-622/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0021 од 11.01.2021 година, ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, имал обврска да плати 83.140,00 (осумдесет и три илјади и сто и четириесет) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 18.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ,

Велес, не извршил уплата во износ од 83.140,00 (осумдесет и три илјади и сто и четириесет) денари..

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе, бр.08-51 од 05.01.2015 година поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ“ бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-623/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0022 од 11.01.2021 година, ТРД ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе, имал обврска да плати 39.437,00 (триесет и девет илјади и четиристотини триесет и седум) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 12.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе, не извршил уплата во износ од 39.437,00 (триесет и девет илјади и четиристотини триесет и седум) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, бр.08-56 од 05.01.2015 година поради прекршување на на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ“ бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-624/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил во целост годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0024 од 11.01.2021 година, ТДРД СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, имал обврска да плати 100.381,00 (сто илјади и триста осумдесет и еден) денар за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 12.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТДРД СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, не извршил уплата во износ од 100.381,00 (сто илјади и триста осумдесет и еден) денар, односно на 17.02.2021 година изврши делумна уплата во износ од 60.381,00 (шеесет илјади и триста осумдесет и еден) денар. Согласно наведеното ТДРД СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ има за доплата износ од 40.000,00 (четириесет илјади) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, бр.08-58 од 05.01.2015 година поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни

медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ" бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-625/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0026 од 11.01.2021 година, ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, имал обврска да плати 67.498,00 (шеесет и седум илјади и четиристотини деведесет и осум) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 11.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, не извршил уплата во износ од 67.498,00 (шеесет и седум илјади и четиристотини деведесет и осум) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, бр.08-61 од 05.01.2015 година поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ" бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-626/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0027 од 11.01.2021 година, ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, имал обврска да плати 195.842,00 (сто деведесет и пет илјади и осумстотини четириесет и два) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 12.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, не извршил уплата во износ од 195.842,00 (сто деведесет и пет илјади и осумстотини четириесет и два) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, бр.08-64 од 05.01.2015 година поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ" бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-627/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот

надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0030 од 11.01.2021 година, Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, имал обврска да плати 566.078,00 (петстотини шеесет и шест илјади и седумдесет и осум) денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 12.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, не извршил уплата во износ од 566.078,00 (петстотини шеесет и шест илјади и седумдесет и осум) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на РТД АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново, Арачиново, бр.08-67 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ" бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-628/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0032 од 11.01.2021 година, Радиодифузното трговско друштво АРАЧИНА ДООЕЛ с. Арачиново, Арачиново имало обврска да плати 193.328,00 (сто деведесет и три илјади и триста дваесет и осум) денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 18.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Радиодифузното трговско друштво АРАЧИНА ДООЕЛ с. Арачиново, Арачиново не извршило уплата во износ од 193.328,00 (сто деведесет и три илјади и триста дваесет и осум) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, бр.08-69 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ" бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-629/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0034 од 11.01.2021 година, Трговско радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, имало обврска да плати 193.328,00 (сто деведесет и три илјади и триста дваесет и осум) денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 12.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Трговското радиодифузно друштво РАДИО

ВАТ ДОО Скопје, не извршило уплата во износ од 193.328,00 (сто деведесет и три илјади и триста дваесет и осум) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, бр.08-75 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ" бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-630/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0040 од 11.01.2021 година, Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, имало обврска да плати 114.523,00 (сто и четиринаесет илјади и петстотини дваесет и три) денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 12.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Радиодифузното трговско друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, не извршило уплата во износ од 114.523,00 (сто и четиринаесет илјади и петстотини дваесет и три) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, бр.08-81 од 05.01.2015 година поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ" бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-631/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0046 од 11.01.2021 година, Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, имало обврска да плати 203.235,00 (двесте и три илјади и двесте и триесет и пет) денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 12.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, не извршило уплата во износ од 203.235,00 (двесте и три илјади и двесте и триесет и пет) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРДД Б-97 ДООЕЛ Битола, бр.08-87 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за

аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ“ бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-632/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0052 од 11.01.2021 година, Трговското Радио-Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, имало обврска да плати 36.138,00 (триесет и шест илјади и сто и триесет и осум) денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 18.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Трговското Радио-Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, не извршило уплата во износ од 36.138,00 (триесет и шест илјади и сто и триесет и осум) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, бр.08-93 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ“ бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-633/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0058 од 11.01.2021 година, Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, имало обврска да плати 11.571,00 (единаесет илјади и петстотини седумдесет и еден) денар за годишен надоместок за дозволата за радио емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 12.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, не извршило уплата во износ од 11.571,00 (единаесет илјади и петстотини седумдесет и еден) денар.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на КОМЕТА 2000 Раде ДООЕЛ Гостивар, бр.08-94 од 05.01.2015 година поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ“ бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-634/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0059 од 11.01.2021

година, Трговското радиодифузно друштво КОМЕТА 2000 Раде ДООЕЛ Гостивар, имал обврска да плати 32.856,00 (триесет и две илјади и осумстотини педесет и шест) денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 12.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, ТРД КОМЕТА 2000 Раде ДООЕЛ Гостивар, не извршил уплата во износ од плати 32.856,00 (триесет и две илјади и осумстотини педесет и шест) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, бр.08-102 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ" бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-635/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0065 од 11.01.2021 година, Трговското радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, имал обврска да плати 10.425,00 (десет илјади четиристотини дваесет и пет) денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 13.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, не извршил уплата во износ од 10.425,00 (десет илјади четиристотини дваесет и пет) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА-ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, бр.08-105 од 05.01.2015 година поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ" бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-636/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0068 од 11.01.2021 година, Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА-ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, имал обврска да плати 14.893,00 (четиринаесет илјади осумстотини деведесет и три) денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 16.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Трговското друштво

за радиодифузија РАДИО УСКАНА-ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, не извршил уплата во износ од 14.893,00 (четиринаесет илјади осумстотини деведесет и три) денари.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе, бр.08-121 од 05.01.2015 година поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ" бр.42/20), а согласно член 82 ставот 1 алинеја 6 од истиот Закон.

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-637/1 од 19.02.2021 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено според доставената Ф-ра бр.2021-100-0079 од 11.01.2021 година, Трговското радиодифузно друштво МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе, имал обврска да плати 8.882,00 (осум илјади осумстотини осумдесет и два) денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување за периодот од 05.01.2021 година заклучно со 04.01.2022 година. Заклучно со 13.02.2021 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, ТРД МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе, не извршил уплата во износ од 8.882,00 (осум илјади осумстотини осумдесет и два) денари.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за одбивање на писмено барање од заинтересирана страна за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на територијата на градот Скопје. Објасни дека заинтересирана страна поднесе барање. Потоа со допис АВМУ се обрати до АЕК и по добивањето на одговор дека не постојат технички услови односно нема слободна фреквенција, согласно Законот обврска е да се одбие брањето на подносителот.

Г-дин Петрушевски рече дека е сосема јасно. За да се ослободи фреквенција се чекаше 5-6 години за потоа да се отвори национално радио на кое што Советот му додели дозвола и сега работи. Во меѓувреме не се ослободила фреквенција и не може Советот да даде дозвола додека не се создадат технички услови.

Советот на Агенцијата едногласно донесе одлука со која се одбива Писменото барање од заинтересираната страна, Здружение за аудиовизуелни и мултимедијални услуги и културни настани Техно Агенција (Techno Agency) Уп1 бр.08-207/1 од 12.01.2021 година со дополнување Уп1 бр.08-207/2 од 02.02.2021 година за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на локално ниво на територијата на градот Скопје, со оглед дека согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, а врз основа на Известувањето бр.0805-527/2 од 10.02.2021 година (наш Уп1 бр.08-207/4 од 15.02.2021 година), доставено од Агенцијата за електронски комуникации се утврди дека нема слободна

радиофреквенција за радио емитување на програмски сервис на територијата на градот Скопје, односно дека нема можност за определување на нова фреквенциска доделба.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка: Закуп на простор за објавување огласи во дневни весници. Објасни дека според износот на средствата кои се предвидени таа ќе се спороведе како набавка од мала вредност. Сите потребни податоци се дадени во материјалите.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка–услуга: Закуп на простор за објавување огласи во дневни весници.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот–услуга: Закуп на простор за објавување огласи во дневни весници е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година.

**Точка 6**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: Систем за автоматско управување со документи. Објасни дека станува збор за набавка на стока што значи дека треба да се набави софтвер со кој ќе се уреди менаџирање на сите административни процеси кои вклучуваат работа со документи како што е наведено во техничката спецификација каде е даден детален опис. Набавката ќе се спроведе како отворена постапка.

Г-дин Петрушевски рече дека во предлогот кој е доставен до Советот има техничка грешка наместо „систем“ пишува „софтвер“. Разговарал со службата и со раководителката на Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска каде му било објаснето дека е техничка грешка на страна 207 и треба да стои Систем за автоматско управување со документи. Се работи за систем и ако внимателно се прочита техничката спецификација тамо има и хардвер кој со сервер се набавува.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка–стока: Систем за автоматско управување со документи.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот–стока: Систем за автоматско управување со документи е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година, а средствата се обезбедени со

Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година.

**Точка 7**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка–услуга: Превентивно и адаптивно одржување на интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење. Објасни дека станува збор за истиот софтвер кој се користи години наназад и се уредува правното, финансиското и економското работење. Кога се набавил овој софтвер во 2015 година истовремено не бил откупен изворниот код. Со тоа сега мора на овој, начин со спроведување на ваква постапка за јавна набавка да се обезбеди одржување на овој интегриран софтвер. Од тие причини оваа постапка ќе се спроведе како постапка со преговарање без објавување на оглас од причини за заштита на ексклузивни права. За таа цел Законот предвидува од Бирото за јавни набавки при Министерството за финансии Агенцијата да обезбеди одобрување. Таа постапка е иницирана и по добивањето на согласност ќе се спроведе. Комплетните информации за оваа набавка ги има во материјалите кои се доставени.

Г-дин Петрушевски рече доколку се сеќава пред една или две години г-дин Трајчев дал сугестија да се откупи изворниот код. Тоа може да е поскапо и не знае дали службата прашала или не. Очигледно е дека останува по старо, се работи со оригиналниот производител на кодот и со преговарање со него се склучува договор а сето ова треба да го одобри Бирото за јавни набавки за да не дојде до некакви злоупотреби.

Г-дин Трајчев рече дека минатата година кога имаше дискусија по оваа точка Советот донесе заклучок да се задолжи Агенцијата да направи една анализа дали треба да се откупи изворниот код или треба да се оди со користење на одржување од сопственикот на тој софтвер. Во таа насока побара од директорот или службите да известат дали е направена таква анализа и дали треба да се оди во овој правец и зошто треба да се оди кога веќе одлучиле така.

Г-дин Петрушевски рече дека според него ако институцијата е задоволна од фирмата, ако цената не изгледа голема, тоа зависи како домаќински се однесува, тогаш продолжува со истата фирма. Ако не е задоволна, набавката намерно се прави да биде нов софтвер и тогаш може да се јави старата фирма со истиот софтвер, а може и други да се јават и може и намерно да се стави откупување на кодот за да се ослободите од таа зависност. Ама очигледно е дека првата варијанта ја одбрала службата и очигледно е дека Секторот за финансии и логистика како негов корисник е задоволен, а луѓето тешко ги менуваат навиките. Исто така рече дека знаејќи ја Агенцијата, таа обично не дава пари туку така и мисли дека не се наплаќа паушал туку по сработено. Побара од директорот и раководителката Митревска да одговорат на прашањето од г-дин Трајчев дали е направена математика колку би чинело да се откупи оригиналниот код и дали тој воопшто го продава оти тоа е бизнис и може да рече дека не го продава.

Г-дин Трајчевски во врска со прашањето дали го продава или не изворниот код рече дека не ги ни познава луѓето од таа фирма, контакт имаат Секторот за правни работи и Секторот за финансии и логистика. Меѓутоа бидејќи станува збор за два модула за правно и финансиско економско работење а сумата е 254 илјади денари, тоа значи дека по модул доаѓа по 2 илјади евра, делено на 12 месеци тоа е помалку од 200

евра месечно. Така што самото откупување на кодот сигурно чини многу повеќе отколку да има јавна набавка на ваков начин бидејќи со оваа фирма се соработува и пред проширувањето на модулите од 2015 година. Соработката со оваа фирма е коректна, до сега Агенцијата никогаш немала никаков проблем ниту застој во делот на финансиското работење така што смета дека нема потреба да го менуваат добавувачот кој што работи стабилно и е доверлив за Агенцијата. Побара од раководителот на Секторот за финансии и логистика бидејќи минатата година имал разговори со оваа фирма да каже детали околу тоа.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ во однос на софтверот рече дека има две опции да се набави нов или да се купи од нов добавувач и тогаш повторно да има одржување. Набавката на нов софтвер односно како сопствена вредност прво чини пари и второ мора да има вработено еден информатичар кој се занимава со програмирање затоа што не се само софтвери од неговата надлежност туку има софтвер за претставки, софтвер за кадрова евиденција, има софтвер за архива кој е преку истата фирма. Сето тоа ќе предизвика да има едно лице постојано вработено кој не само што ќе треба да го одржува софтверот, туку ќе треба и адаптивно да го одржува што значи дека секоја законска измена носителот на набавката е должен да ја инкорпорира без да се даваат дополнителни средства за тоа. На пример ако има измена во платите тогаш тој мора да го измени софтверот за плати. Тоа би требало да биде лице кое постојано би било вработено во Агенцијата што ќе го прави тоа и смета дека платата на тоа лице ќе биде многу повисока од одржувањето кое месечно се плаќа на оваа фирма во моментот.

Г-дин Петрушевски го праша Радуновиќ дали тоа значи дека за тие 200 евра месечно тие и програмираат, адаптивното одржување значи програмирање? Не е само поправка туку мора да се внесе нов код и да се прилагоди на Законот, на што Радуновиќ потврдно одговори.

Г-дин Трајчев рече дека не може да се согласи дали на некого му се допаѓа или не му се допаѓа. Се работи за средства на државата каде треба домаќински да се гледаат работите. Не рекол дека не треба да постои овој софтвер, туку прашал дали е направена таа анализа. Исто она што кажал директорот да се откупи софтверот, не го кажал ни тоа затоа што никогаш не му била намерата да се откупи постојан софтвер туку дали треба Агенцијата да има свој софтвер со сопствен код или треба да користи туѓ софтвер. Да се направи една финансиска анализа затоа што треба да се заштитуваат средствата на Агенцијата и на кој начин за истата работа за истиот резултат ќе има поефикасен резултат, дали е поевтино да има Агенцијата сопствен софтвер на долг рок или е поевтино да се користи туѓ софтвер. Тоа беше прашањето и за тоа минатата година се донесе заклучок, како Совет. Не очекува да кажува секој мислење субјективно туку прашањето е дали има финансиска анализа направено на хартија со параметри зашто е тоа подобро и ако е подобро нормално сите да го поддржат, но треба да знаат зошто.

Г-дин Петрушевски рече ако службата го праша како, требаше да достават барање до Горд Системи колку би чинело откупување на софтверот со кодот и од други фирми за истата работа но нема таков впечаток дека тоа е направено освен усните искажувања од директорот и од Радуновиќ дека е разговарано и дека тоа е поскапо. Во секој случај рече дека тој ќе ја поддржи оваа јавна набавка а ова што го кажал г-дин Трајчев очигледно е дека во голема мера не е исполнето како што е побарано.

Советот на Агенцијата со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Трајчев затоа што нема изработено анализа и не може да се произнесе, даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка–услуга: Превентивно и адаптивно одржување на интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот–услуга: Превентивно и адаптивно одржување на интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година.

**Точка 8**

Г-дин Петрушевски ја најави Информацијата во однос на преземените активности од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од аспект на имплементација на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на РМ бр.07/19). Рече дека има детална информација во хартиена форма и ја прочитал целосно. Очигледно е дека доста е направено но доста има останато и да се направи не само кај нас туку и во државата. Објасни дека станува збор за информација и не се гласа по неа но може да се дискутира и да се дадат забелешки.

Г-дин Трајчевски рече дека има еден предлог и Советот ќе одлучи дали ќе го прифати. Со раководителот на Секторот за финансии и логистика се договарале следната недела во среда да има седница за усвојување на завршната сметка. Бидејќи оваа точка е со сериозна тема, предложи да се одложи за во среда кога ќе има и повеќе време за дискусија и тогаш најверојатно ќе има и уште една точка поврзана со спроведување на рамковниот договор, преземање на еден вработен од Министерството за политички систем. Предложи ако се согласуваат да не се дискутира денес како последна 8-ма точка туку следната среда. Но бидејќи Агенцијата вети дека ќе има ваква информација таа се достави за оваа седница.

Г-дин Петрушевски го праша директорот дали предлага да се одложи точката?

Г-дин Трајчевски рече дека предлага да се одложи точката и по неа да се дискутира следната среда.

Г-дин Петрушевски рече бидејќи оваа информација е направена на барање на г-дин Фетаи, коректно е тој да се изјасни за предлогот.

Г-дин Фетаи рече дека со оглед на тоа дека директорот г-дин Трајчевски и придава сериозно значење на оваа законска обврска и дека навистина сака да се разговара по лежерно за оваа точка која после толку време е ставена на Дневен ред, рече дека за сето тоа нема никаков проблем и предлогот на директорот го прифаќа.

Г-дин Ајдини рече дека се согласува со предлогот на директорот на следната седница да се расправа во врска со предложената информација.

**Точка 9**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр.** 02-583/35
25.02.**2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**